КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Општинското основно училиште „Манчу Матак“- Кривогаштани, согласно член 75 став 3 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и Интерниот правилник за изрекување педагошки мерки, видови пофалби и наградиприООУ,,Манчу Матак”за учебната 2025/2026 година, распишува:

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
МАНЧУ МАТАК
Бр. 03-185/1
08.05.2026 год.
КРИВОГАШТАНИ

К О Н К У Р С
За избор на ученик - првенец на генерација

Право на учество на конкурсот има секој редовен ученик од деветто одделение при ООУ,,Манчу Матак”-Кривогаштани кој ги исполнува следните услови:

- Да покажува примерно поведение во училиштето и надвор од него (кандидатот да биде оценет со примерно поведение на крајот на наставната година од 4 до 8 одделение и до полугодие во 9 одделение;
- Да не бил казнуван со било кој вид на педагошка мерка во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци кај ученикот во текот на годината да не е поголем од 5 за секоја учебна година (максимум 5 неоправдани изостаноци во учебна година);
- Да има континуиран одличен успех (средниот успех на ученикот на крајот на наставната година од 4 до 8 одделение да биде 5.00 а за деветто одделение во сите три евидентни листови за прво тромесечие, полугодие и трето тромесечие да биде со одличен успех);
- Да има учествувано на ученички натпревари (училишни, општински, регионални, државни, меѓународни [освен натпреварот „Кенгур“]);
- Да има учествувано и освоено место на ликовни, литературни и музички конкурси и спортски натпревари во име на училиштето;
- Да има освоено награди, дипломи, признанија, благодарници во случаи кога го претставувал училиштето.
- Да има одговорна улога во активностите на ученичкиот парламент, заедницата на паралелката, ученичкиот правобранител, организацијата на Црвениот крст.

Потребни документи:

- Пријава
- Копии од дипломи, признанија, благодарници, пофалници и слично;
- Копии од примени сведителства од 4 до 8 одделение и евидентните листови од првите три периоди од 9 одделение (прво тромесечие, полугодие и трето тромесечие).

Потребните документи учениците да ги достават во плик до архивата на училиштето со назнака до **Комисија за избор на ученик првенец на генерација** секој работен ден од 08:00 до 13:00 часот кај секретарот на училиштето во периодот од 08.05.2026 година до 21.05.2026 година.

Комисијата ќе ги разгледа само комплетно доставените документи и ќе се повика на критериумите за избор согласно Интерниот правилник за изрекување педагошки мерки, видови пофалби и награди при рангирањето на учениците.Нецелосните и ненавремено доставени документи нема да бидат разгледувани .

Комисија за избор првенец на генерација.

Датум,
08.05.2026

В.Д. Директор,
Лилјана Стојкоска

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
МАНЧУ МАТАК
Кривогаштани